20252204302

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 61 став (9) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА ВОСПИТУВАЧ ВО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ СО УЧЕНИЧКИ ДОМ

Член 1

Со оваа програма се пропишуваат подрачјата и темите за полагање на стручниот испит на воспитувач во средно училиште со ученички дом.

Член 2

Подрачјата и темите за полагање на стручниот испит на воспитувач во средно училиште со ученички дом, се следните:

Теми од подрачјето: Физичко и здравствено воспитание

- поттикнување на редовна физичка активност кај учениците преку воведување на дневни кратки вежби во ученичкиот дом,
- улогата на воспитувачот во создавање здрави животни навики преку спорт и движење,
- развивање на култура на лична хигиена и здрави навики кај учениците во ученички дом,
- влијанието на групни спортски активности врз меѓусебните односи и тимскиот дух кај учениците,
- превенција на седечки начин на живот преку воведување на кратки движења и активни паузи пред вечерните часови за учење и
- мотивација на учениците за учество во спортски и рекреативни активности преку награди и стимулирачки програми.

Теми од подрачјето: Интелектуален развој

- подобрување на концентрацијата и вниманието кај учениците преку воведување на кратки вежби за фокус пред вечерните часови за учење,
- влијанието на мотивирачките разговори со воспитувачот врз академската мотивација на учениците,
- развивање на креативно размислување кај учениците преку групни активности и проекти во ученичкиот дом и
- создавање на позитивна средина за учење во ученички дом преку организација на училишни групи и поддршка од воспитувачот.

Теми од подрачјето: Морално и естетско воспитание

- развивање на одговорност и солидарност кај учениците преку групни воспитни активности во ученички дом,
- промовирање на етичко однесување и почитување на правилата преку воспитувачки разговори и игри за решавање конфликти,

- влијанието на естетски активности врз развојот на креативност и личен израз кај учениците,
- развивање на културна свест и почит кон традициите преку заеднички културни настани,
- поттикнување на толеранција и меѓусебна почит преку едукативни дебати и групни проекти и
- улогата на воспитувачот во формирање на позитивни естетски вредности преку организирање на изложби и презентации на ученички дела.

Теми од подрачјето: Работно воспитание и општествено корисен труд

- подобрување на одговорноста и соработката кај учениците преку организирање на заеднички домашни задачи и активности во ученичкиот дом,
- поттикнување на екологија и еколошка свест преку општествено корисни акции во ученичкиот дом и заедницата,
- улогата на воспитувачот во мотивирање на учениците за учество во општествено корисни проекти,
- развивање на самостојност и организациски вештини кај учениците преку водство во проекти во ученичкиот дом,
- промовирање на вредности на труд и иницијатива преку изработка на практични проекти и ракотворби и
- влијанието на редовно учество во општествено корисни активности врз дисциплината и одговорноста кај учениците.

Теми од подрачјето: Граѓанско воспитание

- развивање на чувство за граѓанска одговорност кај учениците преку учество во локални заеднички проекти,
- поттикнување на почитување на правилата и нормативите во ученички дом како основа за граѓанско однесување,
- развивање на толеранција и почит кон различности преку едукативни активности во ученички дом,
- влијанието на воспитувачот во формирање на критичко мислење и одговорно донесување одлуки кај учениците,
- поттикнување на учество во заедницата преку организирање на културни и хуманитарни активности и
- едукација за човекови права и слободи преку воспитувачки активности во ученичкиот дом.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-13599/1
24 октомври 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.